# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, ЦЕНТАР - СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА



Август, 2019

# ВОВЕД

Училишните екскурзии и другите слободни активности (научно – истражувачки посети, кампувања, настава во природа, летни и зимски школи, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

- **Воспитно-образовни цели:** совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата; меѓусебно разбирање и толеранција, посета на културно-историски и земјоделски капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

- **Функционални задачи:** изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните , културните и естетските вредности; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Еднодневните есенски и пролетни излети** ке бидат организирани во места соодветни за рекреација и дружење на ученици од 6 до 14 години и ке бидат од спортско- рекреативен карактер.

**Раководители на еднодневните излети се:** Сите одделенски наставници и класните раководители.

**Раководители на тродневната екскурзија**: Благица Димчева
Милка Симска
Марија Варадинска

**Раководители на дводневната екскурзија:** Весна Миливоевиќ
Ленче Зајковска
Драган Станојковски

**Раководители на организираните зимување и летување:** Станојковски Драган и Валентина Лена Вељан.

**Техничка организација :**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

## РАСПОРЕД ЗА ЕКСКУРЗИИ ПРЕДВИДЕНИ СПОРЕД ПРАВИЛНИКОТ НА МОН ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТЕ

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Локалитети и објекти за посета** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Септември или октомври | Наставници и ученици од I до IX одделение | Околина на Скопје (Волково или Сарај) | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест. |
| Еднодневен пролетен излет | Април или мај | Наставници и ученици од I до IXодделение | Местата во околината на Скопје – Водно, Скопска црна гора | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест. |
| Настава во природа | Мај | Ученици од V одд. и наставниците | Охрид | Воспитно – образовни цели, запознавање со природни и културни обележја на Охрид и Струга, дружење, забава, развивање на културни навики и пристојно однесување |
| Тридневна екскурзија | Мај | Учениците од IX одд. и класните раководители | Охрид | Проширување на знаења за културните вредности, природно-географските објекти,развивање на еколошка свест и дружење |
| Дводневна екскурзија | Мај | Ученици од VI одд. и класните раководители | Скопје-Велес-Гевгелија. Кавадарци (Михајлово) | Проширување на знаења за културните вредности, природно-географските објекти,развивање на еколошка свест и дружење |
| Летување | Втора половина на јуни | Ученици од VI –IX одд. и наставници | Струга,Охрид или Дојран | Рекреирање, дружење, забава, развивање културни навики и пристојно однесување |
| Зимување | Јануари | Ученици од VI –IX одд. и наставници | Крушево | Рекреирање, дружење, забава, развивање културни навики и пристојно однесување |

# НАСТАВА ВО ПРИРОДА СО ЧЕТИРИ НОЌЕВАЊА ВО ТРЕТОТО ТРИМЕСЕЧИЕ ЗА

## УЧЕНИЦИ ОД V одделение

## Локација: ОХРИД

Наставата во природа има за цел совладување, проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, во согласност со воспитно-образовната работа.

***Програмата за оваа Настава во природа содржи:***

1. *Воспитно-образовни цели*
2. *Задачи*
3. *Содржини и активности*
4. *Раководител, наставниците, ученици*
5. *Времетраење*
6. *Локации за посета и правци на патувањето*
7. *Техничка организација*
8. *Начин на финасирање*

1. <u>*Воспитно-образовни цели*</u>

*а)* да го потикнува развојот на самостојноста кај учениците;

б) да ја развива љубопитноста;

в) стекнатите знаења во училницата да се применат во конкретни ситуации на терен;

г) да им се покаже на учениците како можат познатите техники за учење да се употребуваат во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);

д) да се запознаат со природното наследство;

ѓ) да се разберат настаните, појавите (животот покрај езеро, стопанство, култура);

е) да се развиваат мисловните способности, разни мануелни способности, просторно претставување;

ж) да се потикнуваат позитивни чувства на успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување нови знаења, соработка;

з) да се активен дел од процес на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување;

ѕ) оспоставување, развивање и негување пријателство;

и) почитување на културните традиции;

ј) почитување на знаења и искуства од возразните;

к) почитување на природата и нејзиното наследство;

л) градење на позитивен однос кон чувањето на природата;

љ) запознавање и откривање на убавините на татковината – Р.С. Македонија;

м) проширување на знаењата за вештачко езеро, природни езера, извори;

н) изучување, истражување и проширување на знаење за карактеристиките и спецификите на објекти- градби во постетените градови;

њ) запознавање и проширување на знаења за постените културно историски споменици

о) апознавање културни и историски споменици;

п) проширување на знаења за археолошки локалитети и верски објекти

р) градење на чувство на патриотизам;

с) развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;

т) да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;

ќ) развивање на културни, хигиенски и еколошки навики и свест

*2.Задачи*

Наставата во природа треба да обезбеди:

1. **Проширување и продлабочување на знаењата,** кои се системски и логички и свесно усвоени, а кои имаат активен и практичен каракте, можат да се користат и применуваат во животот и се издигнуваат на степен на умеење и навики;
2. **Усовршување на способноста за** насочено внимание, воочување, брзо регистрирање на детали и податоци, селективно воочување и бележење на детали и податоци; самостојно мисловно изразување, заклучување;
3. **Развивање** љубопитност, осет за проблемски ситуации, досетливост, упорност и истрајност, интерес за користење дополнителни извори на знаења (литература, разговори со локалното население и стручни лица), свест за зачувавање на природата, природните реткости и други матерјални и духовни богатства;
4. **Оспособување за** поврзување на факти и класификација на факти според степенот на значење, употреба на различни извори на знаења, самостојно учење, практична примена на знаењата во животот;

5. **Воспоставување пријателски односи** меѓу учениците и надминување на индивидуалните разлики, негување другарски и хумани меѓусебни односи;
6. **Една од задачите на наставата во природа** е обликување на т.н. кумулативна книга, во која ќе бидат застапени селектирани прилози што учениците ќе ги изберат врз сопствени критериуми. Тоа истовремено е и научно популарна книга од репродуктивен карактер;
7. Запознавање со животот и работата на луѓето, со поблиското и подалечното минато на крајот (со посебен белег при запознавање и обработка на наставните содржини);
8. Да се запознаат со позначајни културно-историски, стопански и други објективо околината каде што се изведува настава во природа;
9. Да ги стекнат основните сознанија за екологијата и да развиваат позитивен однос за правилен однос и зачуваување на животната средина;
10. Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во околината каде што ќе се реализира наставата
11. Да ги препознаваат лековити растенија, да ги собираат, чуваат и користат;
12. Да се запознаат со главните занимања на луѓето каде престојуваат луѓето, на кој начин обезбедуваат егзистенција;
13. Да се негува позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност и дисциплина при извршувањето на поставените задачи
14. Да се стекнат и негуваат хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена;
15. Да се обезбеди правилен психофизички развој како резултат на позитивното влијание од повеќе дневниот престој за здрава природна средина;
16. Развивање интерес за посети на природните убавините на татковината,
17. Развивање интерес кон природата и создавање еколошки навики;
18. Да се развие социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе
19. создавање навики за здраво живеење;
20. Развивање на истражувачки дух.

3. *<u>Содржини и активности</u>*

Наставата во природа ќе се реализира во соодветна просторија, училница опремена според нормативот за деветгодишното образование.

| Ден | Наставен предмет<br><br>( активност) | Наставна тема<br><br>(содржина) | Место на реализација |
|---|---|---|---|
| **1 ден** | ➢ Техничко обр. (Набљудување на крстосница)<br>➢ Ликовно обр.<br>( Корелација со техничко обр. и попатното набљудување на | ➢ Регулирање на крстосница со сообраќајни знаци и сигнализација<br>➢ Линија- ритам на линии, сообраќајни средства- пастели, дрвени бои или фломастери | ➢ Автопат- патот кон вештачкото Дебарско езеро<br>➢ Конгресна сала во хотел во Струга |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | крстосницата) | | |
| **2ден** | ➢ Музичко обр. (Посета на културни објекти и манифестации)<br><br>➢ Општество и Македонски јазик (Есеј)<br>➢ Физичко обр. (Игра) | ➢ Културни објекти и манифестации<br>➢ Пишување на есеј за културна манифестација<br>➢ Раскажување на дадена тема<br>➢ Скокање со една и две нозе | ➢ Природо научниот музеј Д-р Никола Незлобински<br>➢ Истекот на реката Црн Дрим, мостот и Домот на поезијата<br>➢ Хотелски соби<br>➢ На игралиштето во самиот хотел |
| **3 ден** | ➢ Набљудување<br>➢ Македоснки јазик ( Изучување на песна )<br><br>➢ Музичко обр. (Истражување )<br>➢ Физичко обр. (игра за раздвижување ) | ➢ Птици и ливади<br>➢ Интерпретација на песната „ Галеб “<br>➢ Обичаи од различни краишта<br>➢ Додавање и примање на топка во парови од место | ➢ Попатно низ Охридското крајбрејже, Охридската чаршија и Билјанините извори<br>➢ На игралиштето во самиот хотел |
| **4ден** | ➢ Набљудување на различните животни средини<br>➢ Македонски ј. (Рецитирање)<br>➢ Физичко обр. ( Игра ) | ➢ Воздухот како животна средина<br>➢ Рецитирање на песната „ Галеб “<br><br>➢ Тркалање топка во одредена цел | ➢ Попатно кон граничниот премин Ќафасан<br>➢ Пред базиликата Св. Ѓорѓи<br>➢ На игралиштето пред самиот хотел |
| **5ден** | ➢ Набљудувње<br>➢ Општество (Истражување за други општини)<br>➢ Физичко обр. (Игра- натпревар)<br><br>➢ Македонски јазик ( Вежби ракописно – латиница) | ➢ Живеалишта и животна средина<br>➢ Демократски живот во општината<br>➢ Народна топка – натпревар<br>➢ Препишување на песната „ Галеб“ – ракописно латиница | ➢ На крајбрежјето на селото Калишта, пештерската црква и посета на резиденцијата на македонскиот Архепископ<br>➢ На игралиштето во самиот хотел Конгресна сала во хотел |

При планирањето и организирањето на наставата во природа ќе се води сметка да бидат опфатени обработени теми во петто одделение, при што појдовна точка е предметот Општество, со интегрирање на содржини од останатите продрачја македонски јазик, математика, природни науки, ликовно образование, музичко образование, техничко образование, физичко и здравствено образование;

Покрај тоа ќе бидат опфатени и

СПОРТОТ: утринска гимнастика, одење и пешачењ во природа, атлетски игри и натпревари, спортски игри, рекреативно – забавни игри;

ЗАБАВА И КУЛТУРА: формирање на одделни ученички единици: литературна, музичка, ликовна, изготвување план програма за вечерни активности, пеење на изучени песни, свирење на блок флејти, слушање звуци, шумови, повторување-ехо;

ИЗЛЕТИ И ПОСЕТИ: рибарски населби, посета на историски, културни знаменитости, спомен куќи и споменици, посета на блиската шума во околината, населби и сл.;

ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА: изготвување куќен ред и правила, распоред за работа, одмор и рекреација, одржување лична хигиена, договор за излети и посети, дежурства во текот на денот, уредување, подготвување на ѕиден весник, формирање на еколошка патрола, забележување на народни приказни и легенди од околината, собирање лековити растенија,

Активности:

<u>Активности на **наставникот**</u>

Планира бројност, обем и вид на активности, координира, соработува во изведувањето на активностите; води, инструира, следи, насочува, интервенира, корегира, потикнува активности на учениците, стимулира поединци, охрабрува, предлага идеи, прифаќа идеи од ученици, помага

<u>Активности на **ученик**</u>

Набљудува објекти, примероци (растенија и животни), карти, слики, фотографии, опишува-постапки, емоции, примероци, својства и карктеристики, споредува-својстава и карактеристики на стопански, географски и др објекти, примероци (количество и големина)прави групирање, класификација на предмети, објекти, примероци. Во рамките на функционалните задачи: психомоторни активности-*говорни* (разговор, усно пишување, усно известување, читање инструктивни текстови; *писмени* (пишување извештај, репортажа, состав, песна); *технички* (мерење, сечење, лепење, обликување готов труд). Когнативни активности: *јазично изразување* (вежби во култура на говорот, опишување по набљудување, докажување, толкување, објаснување, заклучување. Математика (мерење, споредување,групирање, математичко докажување, заклучување, генерализација). Ликовно изразување (скицирање, цртање, нијансирање бои)

4. *<u>Раководители-наставници, ученици</u>*

- Раководители на Наставата во природа и одделенски наставници: Гордана Букревска, Данче Гиговска, Нела С. Никовска и Симона Пецова
- Ученици од петтите одделенија.

5. *Времетраење*

- Наставата во природа ќе е  во времетраење од 5 дена, во текот на месец април-мај

- Место на поаѓање/враќање: пред ООУ"Св. Кирил и Методиј", Општина Центар, Скопје

- Време на поаѓање: 8.00 ч., месец  април или мај

- Време на враќање: во попладневните часови

Напомена: Учениците треба да се присутни на местото на поаѓање, половина час пред поаѓање.

6. *Локации за посета и правци на патувањето*

## ПЛАН ЗА ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ПОСЕТА НА ЛОКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **ДЕН 1** | Поаѓање за Струга  во 8.00ч.<br>Правец на патување:<br>Скопје-Тетово-Гостивар-Вруток-Дебар со посета на:<br>- посета на вештачкото Дебарско езеро;<br>- посета на бањата Косовратси<br>* пристигнување во Струга во попладневните часови и сместување во хотел<br>-вечера, ноќевање |
| **ДЕН 2** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на движење-набљудение:<br>-  посета на Природо научниот музеј Д-р Никола Незлобински<br>- истекот на реката Црн Дрим, мостот и Домот на поезијата<br>- родната куќа на Браќата Миладиновци,<br>- хотелско туристички, стопански културно историски и други објекти во градот<br>- ручек,<br>- настава и слободни активности<br>- вечера,<br>- забавно- културни  активности<br>- ноќевање |

| | |
|---|---|
| **ДЕН 3** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на патување-набљудение:<br>посета на:<br>- Охридската чаршија,<br>-Плаошник,<br>-Амфитеатарот,<br>-Самоиловата Тврдина,<br>-Пристаништето и чинарот,<br>-Билјанини извори,<br>-ручек,<br>-настава и слободни активности<br>-вечера,<br>-забавно- културни активности<br>-ноќевање |

| | |
|---|---|
| **ДЕН 4** | Појадок 8.00ч.<br>- Посета на изворите во Вевчани<br>-ручек,<br>-настава и слободни активности<br>-вечера,<br>-забавно- културни активности, ноќевање |

| | |
|---|---|
| **ДЕН 5** | Појадок 8.00ч.<br>Правец на патување-набљудение:<br>- прошетка на крајбрежјето на Охриското езеро<br>- сумирање на впечатоците од наставата во природа<br>-тргнување |

5. *Техничка организација*

ООУ „Св. Кирил и Методија“ – Центар, Скопје спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на петдневна ескурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

6. *Начин на финасирање*

Ескурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро сметка.

## ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА УЧИЛИШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Се планира дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на следната релација Скопје –Гевгелија –Негорци –Кавадарци- Михајлово – Ваташа - Стоби

**Содржини и активности**

**I ден**

- Поаѓање од Скопје кон Гевгелија. Посета на градот и граничниот премин Богородица. Посета на Негорски бањи. Пристигнување во одморалиште Михајлово на планината Кожув. Прошетка на учениците во околината до вечера.Слободни активности.

**II ден**

- Појадок, кратка прошетка и поаѓање кон Кавадарци. Посета на фабриката Кожуфчанка, разгледување на Кавадарци, посети на Ваташа и Стоби. (Обезбедување на ланч-пакети)

**Времетраење на екскурзијата**

Екскурзијата е дводневна, време на реализација е во месец Мај 2020 година

**Одговорни наставници**

- Весна Миливоевиќ
- Ленче Зајковска
- Драган Станојковски

**Други лица вклучени во реализирање на екскурзијата**

За успешна реализација на планираната екскурзија ќе бидат ангажирани и други кадри-стручни лица од страна на туристичката агенција која ќе ја реализира планираната дводневна екскурзија, како што се:
- медицинско лице
- туристички водич
- обезбедување

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата**

- Проширување на знаењата од предметите: Географија, Македонски јазик, Ликовно образование, Историја, Биологија, Природни науки;
- Запознавање со композитната долина на реката Вардар;
- Посета и истражување на историски објекти;
- Запознавање со културата, соживотот, работата, стопанството и начинот на живеење на луѓето од регионот Повардарие;

**Задачи на екскурзијата**

- Изучување на историските и географските објекти во регионот Повардарие;
- Градење на чуство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Р.С. Македонија;
- Развивање на позитивен став на учениците кон: историските, националните, културните и естетските вредности;

Поттикнување и манифестирње на меѓусебно почитување, другарување, одговорност и грижа за себе и другите.

**Очекувани исходи**

- Запознавање на учениците со културно-историските локалитети и природните убавини на котлините, клисурите, бањите и градовите кои се посетуваат и продлабочување на нивните знаења за овие места;

- Учениците знаат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
- Успешна социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
- Учениците се запознаени со културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
- Стекнување навика за посета на културни споменици и обележја во Р.Македонија, како и зпознавање со природните ресурси и богатства во нашата држава;
- Учениците применуваат еколошки навики, меѓусебно се почитуваат, се однесуваат одговорно кон себе и кон другите.

**Содржини и активности**

- Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба што треба да ја понесат, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за дводневна екскурзија).

**Обврски на учесниците во екскурзијата**

- Одговорните наставници навремено ќе ги известат учениците околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна добиена писмена согласност од родителите. За да може успешно да се реализира екскурзијата потребни се најмалку 70% позитивна согласност од родителите.

- Туристичкиот водич попатно ќе им објаснува на учениците за значењето на објектите, локациите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените места.
- Наставниците се грижат околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно-историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓање па се до враќање.
- За време на реализација на екскурзијата учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од одговорните наставници, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со наставниците.

**Техничка организација :**

Училиштето ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на  дводневната екскурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисија составена од пет членови  и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

**Начин на финансирање**

- Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

## ПРОГРАМА ЗА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Цели:** Да ги запознаат и откријат убавините на РМ;

Да се развива почит кон културните традиции;

Да се почитуваат знаењата и искуствата на возрасните;

Да се почитува природата и нејзиното наследство;

Да ги совладаат и прошират знаењата за сите посетени културно-историски знаменитости;

Да се развива и негува пријателството;

**Задачи:**

Изучување и истражување на објекти од македонското минато;

Проширување на знаењата за реките, езерата, планините и градовите;

Стекнување знаења за градот Охрид и Охридско Езеро и за развојот на туризмот во него;

Посета и разгледување на археолошкиот објект Хераклеа;

Посета на Вевчанските извори и слапови;

Посета и разгледување на Шарената Џамија, Св. Јован Бигорски, Македониумот Спомен куќата на Тоше, Свети Наум во Охрид.

**Содржини и активности:**

Посета, набљудување, запознавање, фотографирање на објектите, предметите;

Прибирање на податоци и материјали карактеристични за секој објект;

Разговор со кустоси, граѓани, свештени лица;

Одговорни наставници: Класните раководители на деветите одделенија:

Благица Димчева

Милка Симска

Марија Варадинска Алексова

**Време на реализација: Мај- тридневна екскурзија**

**Прв ден:**

Поаѓање во 7.30 часот

Посета на Шарената џамија

Посета на манастирскиот комплекс Св. Јован Бигорски

Посета на Вевчанските извори и слапови

19.00 часот. Сместување и вечера во Охрид

**Втор ден:**

**Појадок**

Разгледување на градот Охрид , посета на Плаошник,Канео

Ручек

Посета на манастирскиот комплекс Свети Наум

Вечера и забава во хотелот

**Трет ден:**

Појадок и поаѓање кон Битола

Разгледување на археолошкиот локалитет Хераклеа

Посета на Широк Сокак

Поаѓање кон Крушево во Спомен куќата на Тоше и Македониумот

Поаѓање за Скопје

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување;

**Начин на финансирање :** Ескурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро сметка на агенцијата**.**

## ОРГАНИЗИРАНО ЗИМУВАЊЕ И ЛЕТУВАЊЕ ОД РЕКРЕАТИВНО ЗАБАВЕН КАРАКТЕР

**Времетраење: 5-7 дена**

**Период на реализација**: За време на летниот и зимскиот распуст

**Реализатори:** Наставниците по физичко и здравствено образование

**Содржини и активности:**

Целите на летувањето и зимувањето се релаксирање на учениците по завршувањето на учебната година, преку разно културно-спортско-забавни активности. Организирано спортување преку разни школи за зимски и летни спортови, како што се скијање, пливање, ватерполо, веслање и други спортски активности со кои учениците подобро меѓусебно ќе се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните, верските и етничките разлики.

**Зимувањето** на учениците ќе се одвива за време на зимскиот распуст со посета на еден зимско - рекреативен центар во Р.С. Македонија

**Летувањето** на учениците ќе се одвива за време на летниот распуст, со посета на едно детско летувалиште во Р.С. Македонија

**Начин на финансирање :** Зимувањето и летувањето го финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро сметка на агенцијата

Август 2019 год. Скопје

Директор

Вилма Поповиќ